**ЗАПИСНИК**

од Прва форумска сесија во Југозападен плански регион

**Датум: 26.10.2022, Место: Струга, Х. Дрим, Час: 10:00**
**Присутни граѓани:** Вкупно: 46
Мажи: 20 Жени: 26 Ранливи групи: 3, Млади – 10
**Модератор: Васка Драшковиќ**, **Ко-модератор: Арбереша Влаши**

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

| Време | |
|---|---|
| *11:00 – 11:30* | *Пристигнување и регистрација на учесниците* |
| 11:30-11:45 | Обраќања<br>• Претставник од МЛС/БРР/Донатор<br>• Претставник на плански регион |
| 11:45-12:30 | Презентирање на стратешки области и комплементарни подобласти за развој на регионот (туризам, животна средина, бизнис инфраструктура и социјална инклузија)<br>Избор на приоритетни стратешки области и комплементарни подобласти за развој на регионот |
| 12:30-13:00 | Структурирање на форумот/распределување по работни маси<br>Утврдување на правила за работа<br>Презентација на форумскиот процес |
| 13:00-13:20 | Пауза |
| 13:20-14:00 | Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избранатите стратешки области и подобласти за развој со кои се соочува планскиот регион за проекти финансирани од МЛС/БРР;<br>Дискусија по работни маси и презентација<br>Групирање на проблемите |
| 14:00 – 14:15 | Презентација на процесот и критериумите за проекти финансирани од<br>МЛС/БРР |
| 14:15-14:30 | Оценка на форумската сесија и договор за следна сесија |
| 14:30 | Коктел |

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Форумот го отвори директорката Мирјана Лозаноска. Потоа се обрати модераторот Васка Драшковиќ со вовед во сесијата и проектот во чии рамки се реализираат регионалните форуми и го објасни процесот на форумските сесии и целта и дневниот ред на првата форумска сесија во рамки на која ќе се дискутираат приоритетни проблеми и решенија во рамки на на програмата на Бирото за регионален развој.

Соодветно Дневниот ред, се обрати Директорката на Центарот за развој на ЈЗПР која имаше детална презентација за проектот и фазите во кои ќе се одвива. Таа ги поздрави присутните, ја нагласи важноста на квалитетот на идеите и детално ја презентираше програмата со сите елементи. Кои се приоритети, критериуми, буџет на располагање, елиминирачки фактори. Објасни дека од дискусијата треба да произлезат најмалку 3 концепти кои треба да се усогласени со Стратегијата и Програмата за развој на ЈЗ плански регион.

Потоа се формираше структурата на форумот преку формирање на работните маси соодветно искажаниот интерес на учесниците и тоа:

Животна средина / Комунална инфраструктура / Туризам / Образование и култура/ Енергетска ефикансост / Социјална инклузија.

После формирање на структурата на форумот следуваше утврдување на правилата за работа и презентација за форумскиот процес со акцент на процесот и начинот на реализација на форумските сесии, содржините, целите и резултатите кои треба да се постигнат од сесиите за двете програми за поддршка на проекти, во рамки на програмата на Бирото за регионален развој.

После дадените инструкции за начинот на реализација, следуваше дискусија за идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните стратешки области и подобласт за развој со кои се соочува планскиот регион за проекти кои ќе се финансират од Бирото за регионален развој.

Буџетот за развој на планските региони – вкупен буџет е 422 милиони, од нив за југозападен 56 милиони денари поточно 915 илјади евра. Минимална сума е 6 милиони денари или 100.000 евра по проект. Начин на одлучување: овде одлучува Советот за развој на ЈЗ плански регион. По финализирање на концепт решенијата, експертот ќе ги конципира и прикаже пред Советот. Советот може да донесе одлука да не се гласа предлогот и самиот совет да предложи нов проект. Секој член на советот може да предложи нов проект. Записник од средбата која ќе е презентирана пред форумот ќе се достави до учесниците на Форумот. Советот утврдува приоритетна листа на проекти за регионот. Надворешен експерт ги финализира предлог решенијата и ги даваат пред советот. Советот ги има и податоците како ги рангирале форумот предлог проектите.

По завршувањето на презентацијата, продолжи модераторката Васка Драшковиќ и го објасни процесот на идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со стратешките области и подобласти за развој на регионот за проекти финансирани од МЛС/БРР. После дискусијата од работните маси произлегоа следните приоритетни проблеми, а некаде беа понудени и решенија:

**РМ – Социјална инклузија**

- Недостаток од опрема и простор за слободни активности задолжителни со новата наставна програма;

- Дневен центар (бесплатен) за деца со сите видови на попреченост;
- Дотраена опрема и простории во детските градинки и училиштата;
- Иницијатива за отворање на паралелки со целодневен престој;
- Опрема за дневен центар за деца со церебрална парализа;
- Социјални дејности;
- Регионален центар за зависници

**РМ – Туризам**

- Недоволна промоција и валоризација на постоечки туристички места;
- Недоволна работна сила во областа на туризмот;
- Недоволна грижа за културното наследство;
- Отворање на хотел за миленици

**РМ – Инфраструктура**

- Изградба на велосипедски патеки;
- Изградба на патишта во рурални средини;
- Изградба на паркинзи и тротоари (Дебрца, Дебар и Центар Жупа);
- Водоснабдување;
- Санација на постоечки систем;
- Изградба на нови мрежи и пропратни објекти;
- Атмосферска канализација;

РМ **– Образование и култура**

- Енергетски ефикасни мерки во образовните институции;

**РМ – Животна средина**

- Поставување на фотоволтаични панели на детски градинки и јавни објекти;
- Подобрување на енергетска ефикасност на јавни објекти, изградба на комунална инфраструктура, зајакнување на општински капацитети за одржување на комунална инфраструктура;
- Набавка на специјални возила за собирање на отпад;
- Набавка на противпожарни опрема;
- Кучиња скитници

**РМ – Енергетска ефикасност**

- Реконструкција на ЈП со енергетски ефикасни материјали
- Подобрување на капацитети на ЈП со механизација опрема, возила

Фасилитаторката Васка Драшковиќ ги резимираше наведените приоритетни проблеми од сите работни маси:

- Во голем дел беше истакната лошата состојба на објектите и потребата од реконструкцијата на објекти за да се енергетски ефикасни/Енергетска ефикасност и Реконструкција на јавни објекти/институции
- Подобрување на капацтитетите и условите за комуналните претпријатија механизација, возила, опрема/Модернизација на јавни претпријатија и противпожарни единици
- Лоша комунална инфраструктура/патишта – потреба од реконструкција каде е најприоритетно да се анализира
- Проблем со отпадните води

| |
|---|
| Потоа, се отвори дискусија меѓу присутните:<br>Дискусија – Пожарните единици, за сите територијални единици да добијат нови возила, а таму каде што нема возила во Вевчани, Центар Жупа и Дебрца, да формираат доброволни друштва да добијат по едно возило помало и поефикасни. Да се опфатат сите општини |

***Заклучоци и препораки***

| |
|---|
| - Формирана структура на форумот со 5 работни маси<br>- Презентиран и објаснет форумски процес;<br>- Презентиран процесот и критериумите за проекти од програмата на Бирото за регионален развој<br>- Идентификувани и групирани приоритетни проблем и дел решенија за проекти од програмата на Бирото за регионален развој<br>- Сумирање на резултатите и евалуација на сесијата<br>- Договор за следна сесија |

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

| **Евалуацијата на првата сесија го даде следниве резултати:** |
|---|
| Учество на жени со 60.6%, мажи со 39,4% од кои најголем дел со 66,7 % се на возраст 35-60, 30,3% се под 35 години и останатите околу 3% над 60 години. Според етничката припадност околу 65% се македонци, 21,9% албанци, а останатите се Турци, Власи и други. Во однос на ранливите категории 15,2% се припадници на лица со попреченост и самохрани родители. 96,6% од учесниците ја сметат работилницата за корисна, а на 100 % се исполниле очекувањата од сесијата. Учесниците во најголем дел ја оценуваат сесијата како успешна и задоволни се од презентираното и самата организација на сесијата. Во однос на структурата на учесниците најголем дел доаѓаат од јавни институции, потоа студенти, бизнис сектор, земјоделие и невработени. |
| |

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а
Арбереша Влаши

**Прилози-** Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| **Р. бр.** | **Област** | **Предложено од** | **Рангиран/избран** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Туризам, природното и културното наследство, заштита на животна средина и користењето на обновливите извори на енергија,** | **ЦЈЗПР – програма за развој 2021 - 2026** | 1 | |
| **2** | **Образование и социјален развој** | **ЦЈЗПР – програма за развој 2021 - 2026** | 2 | |
| **3** | **Подобласти: Економија и МСП и земјоделство и рурален развој** | | | Од форумот едногласно изгласано |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија за проекти од МЛС/БРР (сесија 1)

| **Дефиниран проблем** | **Препорака за решавање-предлог идеа** | **Препорачано од/до** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| - Недостаток од опрема и простор за слободни активности задолжителни со новата наставна програма;<br>- Дневен центар (бесплатен) за деца со сите видови на попреченост;<br>- Дотраена опрема и простории во детските градинки и училиштата;<br>- Иницијатива за отворање на паралелки со целодневен престој;<br>- Опрема за дневен центар за деца со церебрална | Отворање на дневни центри за деца со посебни потреби во ЈЗПР | РМ Социјална инклузија, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| парализа;<br>- Социјални дејности;<br>- Регионален центар за зависници | | | |
| - Проблем со кучиња скитници | Изградба на стационар/центар кој ќе ги прима кучињата од регионот | Животна средина, | |
| - Унапредување на енергетската ефикасност во јавни институции/ енергетска дотраеност на јавните објекти, училиштата и загадување на животната средина. | Енергетска ефикасност е многу важна, трошоците се огромни затоа препорачуваме реконструкција, ефикасни фасади, промена на кровови, поставување на панели | Животна средина<br>Енергетска ефикасност | |
| - Деградација на културното наследство | Валоризација на културните објекти | Туризам | |
| - Руинирана патна инфраструктура/Непристапни патишта до руралните средини | Реконструкција на патишта | РМ Инфраструктура, | |
| - Недоволна заштита од пожари и опремување на противпожарните единици | Опремување на противпожарните единици | Животна средина | |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија

| Р. бр. | Наслов на концептот | Носител/Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |